**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА „МУЗИКОЛОГИЈА“ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИМЕНЕТА МУЗИКА ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за применета музика при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 09.03.2022 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Музикологија** во сите наставно научни звања на Факултетот за применета музика.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Музикологија**, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 24 февруари 2022 година, се пријави и поднесе документација кандидатот: **д-р Томислав Таневски.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Јордан Плевнеш**
**Проф. Дарко Мариновски**, и
**Проф. Мимоза Рајл**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за применета музика при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

**Д-р Томислав Таневски**, роден во Скопје 1956 год., се стекнува со звање - **доктор по музички науки** во 2013 год. на Факултетот за музичка уметност во Скопје под менторство на проф. д-р Томе Манчев, под чие менторство во 2010год. се стекнува со звање - **магистер по методика на музичка настава.** Стручните познавања на педагогијата и психологијата ги надградува со стекнувањето звање - **дипломиран професор по предучилишно воспитување** на Педагошкиот факултет “Св. Климент Охридски во Скопје - оддел предучилишно воспитание. На истиот факултет – поранешна Педагошка академија, се стекнал со звањето - наставник по музичко образование, по завршувањето на основното и средното образование. За време на студиите на Педагошка академија, под менторство на проф. д-р Кирил Македонски, навлегува во областа на музичката психологија, се запознава со методологијата на музикотерапијата и музичката психологија и воедно ги започнува своите први композиторски и оркестрациски обиди. Во меѓувреме се надградува од областа на музичката педагогија (композиција и оркестрација) и музичката психологија и се стекнува и со меѓународни сертификати за: “Монтесори педагог“ од страна на “Montessori Landesverband Bayern e.V. “ и “Обучувач за арт и драматерапија“ од страна на “Wolf + Water Art Company, England“.

Во февруари 2014 год. со Решение од Министерството за образование и наука е **самостоен научен истражувач**. Во Јуни 2017 година е избран за Вонреден професор на Универзитетот за аудиовизуелни уметности, ЕФТА – Скопје.

Искуството во областите на својата професионална надградба и публицистика го манифестира преку ангажманите во: Здружението за теорија и практика на образованието "Образовни рефлексии" - претседател од 2013год. и член на Меѓународниот Уредувачки Одбор на научното списание (со импакт фактор) за теорија и практика на образованието - "Просветно дело"; Здружението на граѓани - Центар за детско уметничко изразување, музикотерапија и психо-физичка релаксација "Џунџуле"- основач на Здружението и музикотерапевт, арт терапевт, драма терапевт и Монтесори педагог со деца со посебни образовни потреби од 2001год. па наваму.

За постигањата во областа на публицистиката добитник е на: ***Наградата на Град Скопје "13 Ноември"*** за 2004г. и наградата ***"Бел Сокол" на Ford Motor Company од САД*** во 2004г., а за иновативните пристапи и постигнувањата во областа на образованието и социјалните дејности, кандидатот д-р Томислав Таневски е добитник на ***Годишната награда на Општина Центар "Феникс"*** за 2008 г.

За својот музички опус, кој е со над 2000 минути снимена различна жанровска музика со повеќе оркестри различни по состав, има добиено повеќе значајни меѓународни награди и признанија. Дел од композициите за деца на кандидатот д-р Томислав Таневски се составен дел од учебниците за музичко образование за најразлична возраст.

Во периодот од изборот за Вонреден професор до денес има постигнато значајни научно-истражувачки резултати во повеќе области и тоа:

**Во областа на публицистиката се издвојуваат:**

- **МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА ПО МУЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ** – Методски прирачник за воспитувачи и одделенски наставници (второ проширно издание),2019, Скопје, Детски центар за музикотерапија Џунџуле, ISBN 978-608-4735-42-7 – 371.3:78(035) 615.851:78 - COBISS.MK-ID 104483594
- **ПСИХОПЛОШКОТО ВЛИЈАНИЕ НА МУЗИКАТА ВО ФИЛМОТ***,* 2020*,* Интернационален универзитет ЕУРОПА ПРИМА, Скопје, ISBN 978-608-4555-27-8, 78:316.772.2- 78:159.9 - 791.636:78, COBISS.MK-ID 51438853
- **СО ПЕСНА РАСТЕМЕ** - збирка детски песни за предучилишна и рана ичилишна возраст, 2020, Здружение за теорија и практика на образованието „ОБРАЗОВНИ РЕФЛЕКСИИ", Скопје, ISBN 978-608-4735-08-3, 784.67.089.6, COBISS.MK-ID 51512837
- **НЕВЕРБАЛНА КОМУНИКАЦИЈА,прирачник за студенти,** 2021, Интернационален универзитет Еуропа Прима,Скопје за интерна употреба.

**Стручните и научни трудови** од областа на музичката педагогија, музичката психологија и музикотерапијата се одраз на неговиот посебен интерес и научна надградба. Стручните и научни трудови можат да се најдат како самостојни изданија и како дел од публикациите на повеќе стручни и научни меѓународни собири и списанија.

**Дел од позначајните стручни и научни трудови се:**

1. **МУЗИКАТА КАКО КРЕАТИВНА ТЕРАПИЈА** - 2021, Годишен зборник 10, ФОН при УГД, Штип, УДК: 615.851.82:78]-056.26-053.2

2. **THE NEED OF AN INDIVIDUALIZED MUSIC THERAPY ASSESSMENT PROFILE IN THE EDUCATIONAL PROCESS FOR A PEDAGOGICAL AND PSYCHOLOGICAL,** *JOURNAL OF*

*EDUCATIONAL SCIENCES THEORY AND PRACTICE Vol. 16, No 2, 2021,*UDC: 615.851.82:78]-056.45-057.874 - 159.928.22:[37.091.33-027.22:78

3. **ПСИХОЛОГИЈАТА НА ВИЗАНТИСКАТА ИКОНА,** - 2020, Прегледно научен труд,, Просветно дело бр.2, Скопје, ISSN 0350-6711- УДК 27-312.47-135(495.02)
4. **КАКО ХОЛИВУДСКИТЕ СТУДИЈА ЈА КОРИСТАТ НОСТАЛГИЈАТА ЗА ДА ПРИВЛЕЧАТ ПУБЛИКА,** - 2020, Прегледно научен труд,, Просветно дело бр.2, Скопје, ISSN 0350-6711- УДК 159.942:791- 791(73):159.942
5. **КАКО ХОЛИВУДСКИТЕ СТУДИЈА ЈА КОРИСТАТ НОСТАЛГИЈАТА ЗА ДА ПРИВЛЕЧАТ ПУБЛИКА,** - 2020, Прегледно научен труд,, Просветно дело бр.2, Скопје, ISSN 0350-6711- УДК 159.942:791- 791(73):159.942
6. **МУЗИКОТЕРАПИЈАТА ВО СОЦИЈАЛНАТА ИНТЕГРАЦИЈА НА ДЕЦАТА СО АУТИСТИЧНИ НАРУШУВАЊА,** 2018, Зборник: Меѓународен дијалог: Исток-Запад, ISBN 978-608-4689-04-1/ UDK 615.815.82:78]376.091.33-053.2-056.36.
7. **МУЗИКАТА КАКО СОСТАВЕН ДЕЛ ОД ЗВУЧНИОТ ФИЛМ**, - 2018, Прегледно научен труд,, Просветно дело бр.4, Скопје, ISSN 0350-6711- УДК 791.636:78.
8. **РИТМИЧКИТЕ СЛИКИ ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ДЕТЕ**, - 2018, Прегледно научен труд,, Просветно дело бр.5, Скопје, ISSN 0350-6711- УДК 37.015.31:78-053.4 159.954.3:78-053.4
9. **ПРИМЕНЕТА МУЗИКА ИЛИ ФУНКЦИОНАЛНА МУЗИКА ВО ФИЛМОТ**, 2019, Зборник: Меѓународен дијалог: Исток-Запад, ISBN 978-608-4689-04-1/ UDK 791.636:78.
10. **МУЗИКОТЕРАПИЈА И ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ**, - 2019, Годишен зборник УГД – Штип, Музичка Академија – ISSN 1857-7296
11. **ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА**, - 2019, Прегледно научен труд,, Просветно дело бр.1, Скопје, ISSN 0350-6711- УДК 373.21-011.3-051
12. **ЕВОЛУЦИЈАТА НА МУЗИКАТА ВО ФИЛМОТ И НЕЈЗИНИОТ ПСИХОЛОШКИ ЕФЕКТ ВРЗ ПУБЛИКАТА**, - 2019, Прегледно научен труд,, Просветно дело бр.3, Скопје, ISSN 0350-6711- УДК 791.636:78]:159.9
13. **МУЗИКАТА И ФИЛМОТ ПОВРЗАНИ СО ПСИХОЛОГИЈАТА**, - 2019, Прегледно научен труд,, Просветно дело бр.3, Скопје, ISSN 0350-6711- УДК 791.159.942
14. **МУЗИКАТА КАКО КРЕАТИВНА ТЕРАПИЈА**, - 2019, Прегледно научен труд,, Просветно дело бр.5, Скопје, ISSN 0350-6711- УДК 615.851.82:78]-056.26- 053.2.

Во **научно-истражувачката дејност** има запазени учества на меѓународни конгреси и конференции, меѓу кои позначајни се:

1. ОСМА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ "Гаврило Романович Державин" – "МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ:ИСТОК-ЗАПАД",2017, Свети Николе,
2. ДЕВЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ "Гаврило Романович Державин" – "МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ:ИСТОК-ЗАПАД",2018, Свети Николе,
3. ДЕСЕТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ "Гаврило Романович Державин" – "МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ:ИСТОК-ЗАПАД",2019, Свети Николе,
4. „ДЕНОВИ НА ПСИХОЛОГИЈАТА НА МСУ" ЕДУКАТИВНИ (ОНЛАЈН) РАБОТИЛНИЦИ ОД ОБЛАСТА НА ПСИХОЛОГИЈАТА,2021.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **д-р Томслав Таневски** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Редовен професор** по група предмети од обласа **Музикологија** на Факултетот за применета музика при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за применета музика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Јордан Плевнеш**

________________________________

**Проф. Дарко Мариновски**

________________________________

**Проф. Мимоза Рајл**

________________________________

**Скопје**
**15.03.2022**